**ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**
ул. „11 Октомври" бр.18, Скопје 1000, Република Македонија
тел: 02/32 35 730
факс: 02/32 96 901
е-пошта: info@fodsk.org.mk
www.fodsk.org.mk

ИСО 9001:2015

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Фондот за осигурување на депозити** спроведува политика за квалитет која е заснована на воспоставување и одржување на механизми за континуирано подобрување и контрола на услугите и процесите.

Основните принципи на политиката за квалитет се:

Стратегија
- **да ја остварува својата мисија,** преку доследно исполнување на јавните овластувања за осигурување на депозитите на граѓаните и нивно обесштетување во случај на ризичен настан како и континуирано оплодување на своето инвестиционо портфолио и одржување на фондот за сигурност согласно Законот за осигурување на депозити;

Планирање
- **да донесува одлуки** кои ќе се засноваат на доследно планирање преку користење на системски анализи, предвидувања и симулации на можни ризични настани, спроведување на мерки и активности за ефикасно и ефективно работење, евалуација на постигнатите цели и воспоставување на висок степен на контрола на работењето со цел гарантирање на сигурноста на депозитите на граѓаните;

Организација
- **да вложува во постојано осовременување на деловните процеси** во Фондот заради подобрување на ефикасноста и ефективноста на услугите преку модернизирање на информатичкиот систем и **креирање на работен амбиент** во кој вработените континуирано ќе придонесуваат во развојот на Фондот и во лична професионална надградба;

Координација
- **да спроведува активности** за зголемување на задоволството на корисниците на услугите на Фондот и подигнување на неговата репутација и **информирање на јавноста** за улогата на Фондот за осигурување на депозити во заштитата на депонентите и во јакнењето на довербата во банкарскиот систем во Република Македонија;

Односи
- **да развива партнерски односи** со други институции од финансискиот сектор во Република Македонија кои се одговорни за финансиската стабилност и сигурност на државата;

Соработка
- **да промовира меѓународна соработка** со институции од областа на осигурување на депозити и активно да учествува во работата на Европскиот форум на осигурители на депозити и Меѓународната асоцијација на осигурители на депозити;

Директиви
- **да се подготвува за прифаќање на обврските од Европските директиви** кои ја регулираат надлежноста на гарантните шеми за осигурување на депозити кои постојат во земјите членки на Европската Унија.

Политиката за квалитет е рамка за воспоставување и ревизија на дефинираните цели за квалитет и истата периодично ќе се усовршува и надградува.

Директор,
Борче Хаџиев

Скопје, 25.12.2018 год.